*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Изменување и дополнување на Блок 18 во ДУП за Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, Општина Карпош.

Јавната анкета по Изменување и дополнување на Блок 18 во ДУП за Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, Општина Карпош, ќе се одржи од 20.02.2019 година до 05.03.2019 година, секој работен ден, од 08.00 до 15.00 часот, во У.З. "Владо Тасевски ", Општина Карпош-Скопје.

Јавната презентација по Изменување и дополнување на Блок 18 во ДУП за Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, Општина Карпош, ќе се одржи на ден 01.03.2019 год., во 14.30 часот, во просториите на У.З "Владо Тасевски", Општина Карпош - Скопје.

Јавната презентација со јавните претпријатија по Изменување и дополнување на Блок 18 во ДУП за Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, Општина Карпош, ќе се одржи на ден 01.03.2019 година во 13.30 часот, во просториите на Општина Карпош.

Просторот за кој се донесува Изменување и дополнување на Блок 18 во ДУП за Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, Општина Карпош, е дефиниран со следните граници:

Од Запад: по осовина на Бул. "8-ми Септември" ;
Од Север: по осовина на ул. "Атинска";
Од Исток: по осовина на ул. "Њу Делхиска";
Од Југ: по осовина на Бул. "М.Т.Гологанов"/Бул. "Македонија"/;

Површината на опфатот на просторот за кој се однесува овој Детален урбанистички план изнесува П= 3,10ха.

Анкетните листови за учество ва Јавната анкета ќе се наоѓаат во У.З. "Владо Тасевски ", Општина Карпош, Скопје

Соопштението за организирање на Јавната Презентација и Јавната анкета, Графичкиот приказ за Изменување и дополнување на Блок 18 во ДУП за Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, Општина Карпош и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош-www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев